Врз основа на чл. 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со објавен оглас за административни службеници арх бр 824/2025 година објавен 24.07.2025, Согласноста од Министерство за финансии арх бр 19-6614/2 од 23.06.2025, Предлогот за вработување на кандидати по јавниот оглас арх бр 10-1804/16 од 15.12.2025 година, ВД Директорот на ЈЗУ Клиничка болница Битола ја донесе следната

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
КЛИНИЧКА БОЛНИЦА
Д-Р ТРИФУН ПАНОВСКИ
Бр. 09-816/95
18.12 2025 год.
Битола

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработувањена неопределено време на административен службеник по објавен јавен оглас бр 824/2025 во ЈЗУ Клиничка болница Битола**

1. За обавување на работи и работни задачи на работно место **ЗДР 01 02 В04 003**, **помлад соработник за човечки ресурси** во Одделение за човечки ресурси, Сектор за административно правни и општи работи, човечки ресурси и ИТ системи и поддршка, 2(два) извршители **се** избираат кандидатите

   - **Марта Ѓоргиевска со идентификациски код FF30057**
   - **Верица Велјанова со идентификациски код 7508884**

2. Именуваните кандидати ќе бидат вработени на работно место од точка 1, по конечноста на Одлуката за што ќе биде донесена посебно Решение

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

***О б р а з л о ж е н и е***

По добиената согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства арх бр 19-6614/2 од 23.06.2025, по барање на ЈЗУ Клиничка болница “Д-р Трифун Пановски" Битола, Агенцијата за администрација на интернет страната и во 3 дневни весници (Слободен печат, Вечер и Коха) распиша оглас на ден 24.07.2025 за вработување на административни службеници во ЈЗУ Клиничка болница Битола .

По формирање на Комисија за спроведување на постапка за селекција за вработување на административен службеник, се пристапи кон административна селекција

во просториите на Агенцијата за администрација за што се состави Записник бр 10-1804/13 од 28.11.2025 година .

На ден 11.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се одржа испитот за административен службеник за кој е составен записник бр 10-1804/14 од 11.12.2025 година.

На ден 12.12.2025 година беше спроведена постапка за проверка на веродостојноста на докази и интервју за административни службеници за кои е составен записник бр 10-1804/15 од 12.12.2025 година.

Врз основа на добиените бодови од административната селекција, спроведениот испит за административен службеник и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечни ранг листи на кандидатите од сите фази на селекцијата.

Врз основа на конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекцијата и Предлогот за вработување на кандидатите со најголем број на освоени бодови, ВД Директорот на ЈЗУ Клиничка болница "Др Трифун Пановски " Битола за работното место помлад соработник за човечки ресурси во Одделение за човечки ресурси, Сектор за административно правни и општи работи, човечки ресурси и ИТ системи и поддршка, 2(два) извршители ги избра предложените кандидати **Марта Ѓоргиевска со идентификациски код FF30057 и Верица Велјанова со идентификациски код 7508884.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: против оваа Одлука , незадоволните кандидати имаат право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

ЈЗУ Клиничка болница
"Др Трифун Пановски"Битола
ВД Директор
***Д-р Ненси Лозанче***

Дна
Архива
Кандидат
Одделение за човечки ресурси
Агенција за администрација